Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на12.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1682/1 од 29.05.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско и несовесно работење од страна на поранешниот директор на ОСУ --------- ---------------- - ------------, како и за издавање на простории под закуп, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што за наводите за незаконско и несовесно работење на поранешниот директор, постапува надлежна институција, додека наводите во однос на издавање на простории под закуп не се потврдуваат.

Предметот со број 12-1682/1 од 29.05.2025 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, ------------- -------------- на РСМ, на ден 29.05.2025 година, доставено е известување за надлежно постапување на ДКСК по предмет оформен по однос на до нив поднесена пријава против поранешниот директор на ОСУ --------- ---------------- - ------------, по што е оформен е предмет број 12-1682/1 од 29.05.2025 година. Кон известувањето е приклучена и пријавата доставена до ------------- ------------------------ под број 03-1708/1 од 23.05.2025 година од подносителот.
Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконско и несовесно работење на лицето --------- --------------, поранешен директор на ОСУ --------- ---------------- - ----------,

за период од 2014-2017 година, поради тоа што како раководно лице на предметното училиште при вршењето на својата функција не ги почитувал одредбите од Законот за буџетите на штета на Буџетот на училиштето. Дополнително, изнесени се и наводи за сомневање по однос на користење на простории/бараки кај старата гимназија изнајмени за вршење на дејност конфекција од страна на блиска личност на пријавеното лице, а по однос на тоа дали и каков договор бил склучен по овој основ.

Во насока на утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до директорот на ОСУ --------- ---------------- - - -----------.

На ден 03.11.2025 година доставено е Известување, по чие разгледување, ДКСК го констатира следното:

- По однос на сомневањето за незаконско и несовесно работење на поранешниот директор на ОСУ --------- ---------------- - ---------- за период од 2014-2017 година, утврдивме дека постапува друг надлежен орган –Министерството за внатрешни работи.
- По однос на наводите за сомневање за неправилности во постапки за издавање и незаконски склучени договори за закуп на простории за вршење на дејност конфекција, известено е дека истите се сопственост на општина Берово, а во архивата на училиштето не постојат податоци за издавање под закуп на недвижности на простории на ОСУ --------- ---------------- - ------------.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930